UDC: 37.018.8:654.197(497.11) 37.091.6(497.11)

# МОТИВАЦИЈАТА И СОРАБОТКАТА СО УЧЕНИЦИТЕ КАКО ОЛЕСНУВАЧКИ ФАКТОРИ ПРИ КРЕИРАЊЕТО ЕДУКАТИВНИ МЕДИУМСКИ СОДРЖИНИ

**Горанка Марковиќ**
Учителка, педагошки советник, ОУ „Живан Маричиќ“ - Жича,
gorankamarkovic@yahoo.com
**Николина Атанасова,**
Медиумски едукатор, nikolina.atanasova93@gmail.com
**Данило Спасојевиќ,**
Студент на втор циклус студии по Образовни политики на Универзитетот во Белград, Професор по српски јазик и книжевност, педагошки советник, ОУ „Живан Маричиќ“ - Жича, dannspass@gmail.com

**Апстракт**

Со овој труд ќе ја претставиме значајноста на мотивацијата и меѓусебната соработка помеѓу учениците како големи фактори при креирањето едукативни медиумски содржини. Истражување е направено во училишта кои имаат долга наставна пракса во креирање образовни филмови, како и во училишта кои немаат искуство со таков тип на работа во Србија.

Истражувањето покажува дека интердисциплинарноста во креирањето едукативни медиумски содржини допринесува во развивањето на позитивни компетенции кај учениците. Со помош на медиумските образовни содржини учениците имаат можност истовремено да се стекнат со знаење од повеќе области и предмети, тоа ја зголемува нивната мотивација за стекнување знаење. Истражувањето исто така во еден дел опфати критичко анализирање на содржините кои се присутни во програмската шема на медиумите во Република Србија и се наменети за децата на возраст од 7 -10 години. Истражувањето ги опфаќа и ставовите на учениците на таа возраст, каде што доминира задоволство кај учениците кои учествувале и учеле преку креирање на едукативни медиумски содржини. Останатите кои не учествувале во таков тип на настава, покажуваат интерес за истата.

Денешните медиумски содржини кои можат да се сретнат содржат различен спектар на информации. Не сите од нив содржат воспитно – образовна компонента. Различните култура, менталитет, начин на живеење и однесување дополнително допринесуваат содржините да бидат уште по неразбирливи или погрешно протолкувани од страна на целната група за која се наменети. Сето тоа ја покажува важноста од тоа да секоја држава создаде индивидуални услови за креирање на сопствени медиумски образовни содржини.

**Клучни зборови:** *едукативни медиумски содржини, мотивација, соработка, ученик, медиум*

# MOTIVATION AND COOPERATION WITH STUDENTS AS FACILITATING FACTORS IN CREATING EDUCATIONAL MEDIA CONTENTS

**Goranka Markovic**
Teacher, pedagogical advisor, primary school "Zivan Maricic" - Zica,
gorankamarkovic@yahoo.com
**Nikolina Atanasova**
Media educator
nikolina.atanasova93@gmail.com
**Danilo Spasojevic**
Student of the second cycle of studies in Educational Policies at the University of Belgrade,
Professor of Serbian Language and Literature, Pedagogical Advisor,
Primary School "Zivan Maricic" - Zica,
dannspass@gmail.com

**Abstract**

In this paper we will present the importance of motivation and mutual cooperation between students as major factors in creating educational media content. Research has been done in schools that have a long teaching practice in creating educational films, as well as in schools that do not have experience with this type of work in Serbia.

Research shows that interdisciplinary in creating educational media content contributes to the development of positive competencies in students. With the help of media educational content, students have the opportunity to simultaneously gain knowledge from several areas and subjects, which increases their motivation.

The research also includes critical analysis of the contents that are present in the media programs in the Republic of Serbia who are intended for children aged 7-10 years. The research also covers the attitudes of students at that age, where satisfaction dominates among students who have participated and learned through the creation of educational media content. The others who did not participate in this type of teaching, show interest in it.

Today's media content contains a different range of information. Not all of them contain an educational component. Different cultures, mentalities, lifestyles and behaviors further contribute to the contents being even more incomprehensible or misinterpreted by the target group for which they are intended. All this shows the importance of each country creating individual conditions for its own media educational content.

**Keywords:** *educative media content, motivation, collaboration, student, media*

## Вовед

Анализирајќи го развојот на медиумската педагогијата како наука во Република Србија, и регионот во последните дваесет години, можеме да забележиме постојан пораст на бројот на истражувања и научни трудови што ги анализираат медиумските содржини за деца како средства за едукација. При секојдневната педагошка работа, како практичари кои креираат медиумски едукативни нагледни средства и истовремено работат со деца, забележавме дека

имагинацијата на учениците, дигиталната писменост како и дискутирањето за поширoки социјални теми претставуваат значајни фактори кои допринесуваат многу во креирањето и реализирањето иновативни училишни активности. Тоа дополнително ги мотивира учениците да соработуваат. Тоа значи дека спојот од имагинацијата на наставниците и учениците, збогатен со иновативност и знаења од областа на дигитална писменост би создал извонредни медиумски содржини. Истите би се создавале во училиште во склоп со редовната настава и програма, а нивната намена како едукативни нагледни средства би била широка.

Анализата на програмските шеми на државните телевизии во двете држави на неделно ниво покажа дека според важечките регулативи во Србија во програмската шема во одреден дел од денот мора да бидат емитувани едукативни медиумски содржини за деца., РЕМ[1] - Регулаторно тело за електронски медиуми на Република Србија,

Во Македонија пак според Службен весник на РМ бр.247/27, каде што се наведени обврските на МРТ во однос на програмските сервиси кои ги емитува не постои никаква обврска за емитување на едукативни содржини за деца во програмската шема. Тоа е оставено да се случува по слободна волја на медиумот. Со темелната анализа[2] заклучуваме дека во Република Македонија постои мал напредок во последните години при емитувањето на едукативни содржини за за деца и има отворање на државен детски канал, но нема законска регулатива која би го подигнала нивото на квалитет на едукативните медиумски содржини. Србија пак и покрај регулативата која што постои има содржини кои често се репризираат. Темите кои се обработуваат во Србија најчесто се застарени. Во Македонија во последните години забележани се позитивни промени. Сепак содржините не се прилагодени на детската возраст и категоризацијата е погрешна и во двете земји.

Увидот во курикулумот на педагошките факултети ни дава слика на недоволно обучени студенти од областа на медиумската едукација. Едукативните медиумски содржини што се појавуваат во наставата се значаен образовен потенцијал за образованието на 21 век и незамисливо е тоа да се игнорира. Особено со светската КОВИД криза.

[1] Регулаторното тело за електронски медиуми РЕМ е независна независна регулаторна организација со статус на правно лице, која го практикува јавниот орган со цел ефикасно спроведување на воспоставената политика во областа на медиумските услуги, подобрување на квалитетот и разновидноста на електронските медиуми за услуги, со цел да се заштити јавниот интерес во електронските медиуми.

[2] Увид во анализата достапен на http://www.medijskapismenost.net/dokument/Analiza-televizijskih-programa-za-decu-u-Srbiji

**2. Мотивацијата и соработката како значајни фактори при создавањето едукативни нагледни средства**

Современото подучување подразбира примена на современи наставни помагала, методи и форми на работа со цел поголема ефикасност, стекнување знаење и возбудување на аудиовизуелната перцепција на учениците. Филмот како современа наставна алатка секако се истакнува и има водечка улога, затоа што е идеален начин за активно вклучување на учениците во наставниот процес и развој на партнерства меѓу наставниците и учениците[3] . Овие зборови детално го опишуваат значењето на соработката и мотивацијата во процесот на едукација. Во наставата, неопходно е да се користат веќе направени филмови кои одговараат на планираните теми опфатени во часот, а вистинскиот предизвик за време на наставата е да се направи филм што ќе понуди можност за понатамошна примена во наставниот процес со својата структура и образовна содржина[4].

За време на повеќегодишната работа со учениците за подготовка и реализација на едукативни филмови, забележавме дека има поголема мотивација и меѓусебна соработка во сите фази на работа на филмот:

- договор за избор на заедничка тема на филмот;
- соработка во развој на рамковно сценарио – синопсис;
- подготовка на теренот за истражување;
- поделба на улогите во сценарио;
- изведување на снимање (во училиштето или во училиште блиско до околината);
- преглед на снимениот материјал;
- уредување на материјал, дизајн на звук и снимање на придружен текст
- јавно презентирање на материјали на ниво на училиште, локална заедница;
- презентација на филм на филмски фестивали во земјата и странство.

Тројцата автори на трудот создаваат едукативни медиумски нагледни средства во училницата и надвор од неа, за време на редовни часови и воннаставни активности. Во презентираните активности наставниците се организатори и ги упатуваат учениците самостојно да ги искажат своите ставови, предлагаат теми за сценариото кои се насочени кон материјалот на задолжителните предмети, но и други воннаставни активности. Со тоа покрај останатото работат со своите ученици на развој на вештините на 21 век, како што се поттикнување критичко размислува, дигитално и информациско описменување и сл.

[3] Барбареев К.; Марковић Г.;Атанасова Н.: *Медиумската содржина како образовни ресурс,* Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Правни факултет, UDK
316.774:37, 2019 pp.993

[4] Маринковић Б.; Марковић Г.; Спасојевић Д.: *How to make an educational film in classroom,* Зборник радова Националне конференције са међународним учешћем RPPO17, Универзитет у Крагуевцу, Факултет техничких наука у Чачку, 373.3/.4:[371.64/.69:791, 2017 pp.254

### 3. Иновацијата како производ на одлична образовна пракса

Со создавањето на училишна образовна продукција во последната деценија забележавме неколку придобивки што придонесуваат за промовирање на позитивен углед на училиштето како една поинаква образовна институција. Подобра мотивација на учениците во учењето и извршувањето на работните активности на училиште и нивната меѓусебна соработка и помош во различни области во текот на образовниот процес.

- Часовите на кои учениците и наставниците создаваат дигитални медиумски нагледни средства се многу динамични, учениците имаат поголема слобода на изразување, тие се среќни што учествуваат во сите активности поврзани со создавање на едукативни медиумски содржини.
- Во однос на инклузивното образование, секоја индивидуа има своја улога во креирањето и со тоа почитување на педагошкиот принцип на еднаквост и поддршка за сите учесници во наставниот процес.
- Очигледно е зголемена мотивација за работа кај учениците, што го докажавме со истражување на екс-пост факто карактер намерно спроведен за оваа работа.
- Се јакне соработката меѓу учениците, развивајќи емпатија, разбирање на различностите како позитивна особина на секоја личност во образовниот циклус
- Студентите се способни самостојно да создадат проект, од идејата, почетниот концепт, сценарио, поделбата на улогите, создавање дијалог, сцена, амбиент, како и во основните чекори на пост-продукцијата

Многу важен аспект е зголемената видливост на работата на образовната институција, што се рефлектира во интересот на родителите и идните ученици да се запишат во училиште во кое воспитно-образовниот процес се одвива во соработка со иновативни и интерактивни методолошки модели. Со иновативни форми на работа во наставата, училишната институција станува простор во кој се негуваат и поттикнуваат ученички таленти, се зајакнува самодовербата, се зајакнува иницијативата на поединец или група со цел подобра интеграција на учениците.

Преку медиумите, стручните собири, стручни и научни трудови, училиштето ја информира јавноста за достигнувањата на своите ученици и вработени. Филмовите се преведени на англиски јазик за да бидат достапни за публиката од други земји што зборуваат на други јазици.

### 4. Резултати од истражувањето

За потребите на овој труд, беше спроведено екс пост-факто истражување во две образовни институции во Република Србија. Нацртот на истражувањето се заснова на потребата да се потенцира придонесот на иновативни

методолошки активности и интегративниот пристап во наставата. Особено е потенцирано вклучувањето на мултимедијалните средства во истата, а целта на истражувањето е да се разгледа степенот на мотивација и соработка на учениците во спроведувањето на иновативни образовни практики, поточно креирањето едукативни медиумски содржини како дел од наставата.

Како методите при истражувањето користени се методот на анализа и дескриптивниот метод, а од техниките: техниката на набљудување и анкетирање. Анкетниот прашалник беше користен ако инструмент. Истражувачкиот примерок се состоеше од ученици од различна возраст во Основното училиште „Живан Маричиќ" од Жича, кои континуирано учествуваат во опишаните иновативни активности (експериментална група) и ученици од Основното училиште „Свети Сава", кои не учествуваат во развојот на едукативни медиумски нагледни средства, но на часовите нивните наставници имаат имплементирано готови едукативни медиумски нагледни средства во склоп со наставниот план и програма. Двете групи имаат 40 испитаници, на возраст од 8 до 13 години. По квалитативната и квантитативната обработка на податоците, ги презентираме најзначајните впечатоци и резултатите што ги добивме.

Студентите кои учествуваат во креирање на едукативни медиумски нагледни средства (експериментална група) изразија висок степен на задоволство од овој начин на работа во училиште (86% од испитаниците). Како недостаток, тие изјавуваат дека им треба повеќе време и посветеност за наведените активности. Во контролната група, 34,4% од учениците изјавуваат дека не слушнале за овој начин на работа во училиште, додека другите 65,6% од испитаниците изјавуваат дека би биле задоволни да учествуваат во наведените активности, доколку наставниците организирале такви активности за нив. Со помош на прашалникот, ги испитавме ставовите на учениците за едукативни медиумски нагледни средства што ги следат преку националните и локалните канали на телевизија. Врз основа на резултатите, заклучуваме дека учениците кои учествуваат во создавање едукативни медиумски материјали за време на часовите, имаат поголем интерес за слични содржини што се емитуваат во рамките на едукативната и научна редакција на националната телевизија РТС и другите канали на кабелската телевизија. Резултатите исто така покажуваат дека учениците од експерименталната група покажуваат одреден критички став кон содржината што се става преку „Јутјуб" и „Вимео" канали, додека во контролната група таквиот став не е значително изразен.

Истражувачката хипотеза покажа дека иновативните пристапи во наставата, поточно создавањето едукативни медиумски нагледни средства значително го зголемуваат нивото на мотивација на учениците, постигнуваат подобри резултати во наставата, а тоа влијае на позитивната клима во училницата, во споредба со стандардните форми на настава. Со набљудување на текот на наставните активности и продукцискиот процес, забележано е дека овој вид на

работа придонесува за подобра динамика на работата на учениците. Учениците се послободни, полесно се одлучуваат да ги искажат своите ставови во јавност, развиваат критичко размислување кое секако ќе им помогне во изборот на информации, формирање на нивниот став кон неточни, несоодветни содржини и препознавање на неквалитетните и несоодветни содржини во денешните медиуми.

**Заклучок**

Неограничената достапност на медиумските содржини преку интернет и социјалните мрежи, недостаток на контрола на квалитетот на содржината што ја следат младите луѓе и можноста за поставување на свои содржини на интернет се само некои од предизвиците за родителите и наставниците кои работат со млади. Во овој труд, ние презентиравме примери на добра наставна практика. Благодарение на заедничката идеја и реализација во рамките на училиштето како институција која ги негува и поттикнува ученичките идеи и креативност, учениците и наставникот возможно е едукативно медиумско чудо. Основната задача за развој на медиумската писменост во иднина се однесува на развој на критичко размислување кај учениците од основните училишта, сите со цел навремено откривање на потенцијално лошата содржина што ги опкружува без никаква цензура. Децата уште од мали мора да научат да пливаат во морето од информации.

Многу е корисно што како едукатори, наставници, но и родители, ние создаваме простор за разговор и учиме едни од други со цел следење на медиумските трендови и да им помогнеме на младите луѓе одговорно и критички да ги користат медиумските содржини што се поставени пред нив[5]. Во тек е глобална пандемија, која значително го промени начинот на кој работиме со учениците. На глобално ниво, училиштата започнаа да организираат едукативни активности преку учење од далечина за своите ученици. Јасно е колку содржините на едукативните медиуми се значајни во овој вид настава. Но и колку се и неквалитетно и непрофесионално изработени. Пред неколку години иницираавме формирање на дигитална база на податоци со едукативни медиумски содржини што ќе ги соберат сите квалитетни видеа погодни за употреба во наставни и воннаставни активности.

Дотогаш, треба да продолжиме со континуирана работа за создавање едукативни содржини во соработка со нашите студенти. Ова е најдобриот начин да се откријат темите што ги интересираат, да се забележи нивното мислење, критички преглед.  Со тоа учениците имаат поискрен однос со нивните наставници на училиште, а соработката на медиумски проекти дава можност за креативно изразување и зајакнување на соработката.

[5] М. Мумининовиќ, панел дискусија, „Како младите ги користат медиумите денес во БиХ

**Користена литература**

1. Атанасова, Н.; Барбареев К.; *Зашто је неопходан специјализован ТВ канал за образовање,* Универзитет у Крагуевцу, Факултет техничких наука у Чачку, 316.774:37-053.6, 2019 pp.31
2. Барбареев К.; Марковић Г.;Атанасова Н.: *Медиумската содржина како образовни ресурс,* Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Правни факултет, UDK
3. 316.774:37, 2019 pp.993
4. Г. Марковић, Д. Спасојевић, *Елаборат о филмском и позоришном стваралаштву,* интерни документ, ОШ „Живан Маричић Жича, 2019 pp.14
5. Маринковић Б.; Марковић Г.; Спасојевић Д.: How to make an educational film in classroom, Зборник радова Националне конференције са међународним учешћем RPPO17, Универзитет у Крагуевцу, Факултет техничких наука у Чачку, 373.3/.4:[371.64/.69:791, 2017 pp.254
6. Удружење новинара Србије и UNICEF, група аутора: **Анализа телевизијских програма за децу,** 2020, **URL:**http://www.medijskapismenost.net/dokument/Analiza-televizijskih-programa-za-decu-u-Srbiji / Medijska Pismenost. Преземено на 12 Мај 2020
7. М. Муминовић, панел дискусија **„Како млади користе медије данас у БиХ,** 2019, URL:https://www.cenzolovka.rs/region/mediji-danasnjice-veliki-izazov-za-mlade-i-njihove-edukatore-video/ Cenzolovka, Преземно 25 Април 2020
8. База образовних медијских садржаја ОШ „Живан Маричић'' Жича, URL: http://www.oszivanmaricic.edu.rs/index.php/2014-03-24-09-06-39
9. Застапување и претставување на МРТ (Службен весник на РМ бр.247/26-8);